## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 40 и член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија број 3/02, 51/03 и 85/03), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за доставување и дистрибуција на податоци за платниот промет**
**("Службен весник на РМ" бр. 30/04)**

1. Со оваа одлика се пропишува обврска на носителите на платен промет до Народна банка на Република Македонија да доставуваат податоци за:
-Сметките кои ги водат,
-Употребата на платните инструменти и
-Употребата на платежните картички и уредите на кои тие се користат.

2. Содржината, опфатноста и начинот на доставување на податоците од точка 1 на оваа одлука ќе се уреди со Упатство за доставување податоци за платниот промет од страна на носителите на платниот промет.

3. Податоците од точка 1 на оваа одлука, подготвени според Упатство за доставување податоци за платниот промет од страна на носителите на платниот промет, се доставуваат до Народна банка на Република Македонија најдоцна петтиот работен ден во месецот за претходниот месец.

4. Народна банка на Република Македонија, ги обработува доставените податоци и периодично врши дистрибуција и објавување на истите во агрегирана форма.

5. Оваа Одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.09.2004 година, освен точка 4 која ќе се применува од 01.02.2005 година.

О.бр.02-15/IV-1/2004
6 мај 2004 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна бана на
Република Македонија
Г у в е р н е р,
Љубе Трпески, с.р.

П.Ф. 401, 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 02 310-8108 (Централа); + 02 310-8282
Факс: + 02 310-8357 (Централа); + 02 312-2109
Телекс 51415 NARBAM MB